UNIVERSITETI I EJL
ЈИЕ УНИВЕРЗИТЕТ
SEE UNIVERSITY

# П Р А В Е Н
# Ф А К У Л Т Е Т

## СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ

**(Master of Arts)**

**НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА:**

## СТУДИИ ПО УСТАВНО И УПРАВНО ПРАВО

## В О В Е Д

**Правен факултет**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Институција/Орган за давање титула | ЈИЕ Универзитет |
| 2. | Наставна институција | ЈИЕ Универзитет |
| 3. | Место на изведување настава | Кампус на ЈИЕУ (Тетово) |
| 4. | Програма акредитирана од: | Борд за акредитација |
| 5. | Финален научен степен | М.А. |
| 6. | Програма | Студии по уставно и управно право |
| 7. | Датум на изработка/ревизија | Септември 2007 |
| 8. | Група на студенти | Генерација од академската 2008/2009 |

**9. Наставни цели на програмата**

- До завршувањето на програмата, студентите ќе стекнат знаења за сите

сегменти на уставно-управната област, како што се: основните слободи и права на човекот и граѓанинот, уставното право, управното право, споредбеното уставно право, усилбите за Уставот за Европа, јавната безбедност, судската контрола на уставноста и законитоста, трудовото право и правото на социјално осигурување, управното процесно право, науката за управата, политичкиот систем, правото на локална самоуправа, современите политички теории и доктрини, политичките партии и интересните групи, изборниот процес и изборните модели, филозофија на правото каки и клучните правила и начела кои се релевантни за нивна теоретската и практичната перспектива.

По завршување на програмата студентот ќе биде во можност:

- Успешно да ги применува сознанијата стекнати за уставното и управното право во многу ситуации во кои се разгледуваат значајните практични и теоретски проблеми.
- Да ги вреднува и да ги оценува проблемите со оглед

на нивниот контекст, релевантноста и значењето и да ги поврзува релевантните информации и клучните извори понудени преку електронската размена на податоци и на другите начини.

- Да ги оценува проблемите и да изнајде решенија поврзани со имплементацијата на уставно-управните сознанија, начела и правила во РМ и пошироко, во споредбениот контекст, потоа, да ги формулира аргументите за главните проблеми и контраверзните прашања, презентирајќи го притоа своето рационално размислување засновано врз релевантниот научен материјал.
- Да ги препознае потенцијалните алтернативни аргументи и противпоставените докази по свое мислење и да ги искажува нив; да демонстрира слободоумност и способност да понуди критички предизвик по стекнатите сознанија за поединечните проблеми и на крај, да даде конструктивен одраз на научниот прогрес.

**10. Резултати од наставата**

Вториот циклус на оваа програма ќе понуди солидни сознанија и системско разбирање на институционалната структура на функционирањето на централните органи на државната власт, на клучните правно-политички начела, како и на основните аспекти од обласва на уставното и управното право.

| **Стекнати знаења** | **Предавања/настава, методи и стратегии на проценување кои се употребуваат за постигнување и за презентирање на резултатите** |
|---|---|
| **А. Стекнати знаења и согледувања од програмата:**<br>1. Ќе им овозможи на студентите стекнување вештини за справување со правните проблеми поврзани со функционирањето на инстутуциите на власта поттикнувајќи ги притоа во развивањето на нивната критичка свест.<br><br>2. Ќе ги поттикне студентите да даваат изворни и напредни коментари, кои ги задоволуваат високите научни и академски стандарди и ќе им помогне во развивањето на критичките, аналитичките и на истражувачките вештини, кои пак ќе можат да се применат во конкретни прашања од оваа област.<br><br>3. Програмата е структуирана со цел развивање на вештините од областа на академските правни истражувања, а особено преку усната и писмената презентација на научните аргументи во духот кој ги интегрира во себе релевантните академски правила, помагајќи им притоа и на оние студенти кои размислуваат за продолжување на своето академско изградување на повисоко ниво. | **Предавања/настава**<br><br>Наброените интелектуални вештини ќе се развиваат пред сè преку подготовка и учество на семинари, а помалку преку класични и формални лекции, односно преку една суштинска интерактивна настава. Ова ќе овозможи, различните политичко-правни толкувања на правото и на државата да бидат критички проучени, а алтернативните позиции да бидат споредбено проценети. Презентацијата на семинарите може целно да биде насочена кон оние сегменти на Уставно-управната област кои дозволуваат поголем простор за дискусии и за дебати, а за кои постои соодветен научен интерес. Во продолжение, предметната проценка ги дозволува и ги поттикнува напредните дискусии и презентацијата на ваквите дискусии кои се во согласност со правилата на академското изразување.<br><br>**Оценување**<br>Оценувањето на знаењата стекнати по предметите од оваа програма ќе се врши на комбиниран начин, имено, преку комбинација на писмените испитувања (колоквиум и конечен испит), на есеите составени од 4.000 до 5.000 зборови, кои |
| 4. Оваа програма ќе им биде од особена помош на оние кандидати кои ќе ја продолжат својата кариера во уставно-управната област. | мора да бидат доставени за секој следен предмет. Натамошниот дел од програмата бара од студентот да истражува, да пишува и да предаде магистерска теза составена од 15.000 до 20.000 зборови, по претходно договорена тема од ставно-управната област, а сонадгледување на член на академскиот кадар со искуство во соодветната област. |

| **Б. Вештини и други карактеристики**<br>**Способности за пренесување на интелектуалните вештини.**<br><br>**По успешното завршување на програмата студентите можат:** | ***Предавања/Настава*** |
|---|---|
| 1. Со истражувањето и подготвувањето на магистерската теза да ги развиваат истражувачките вештини и да стекнат индивидуални прогресивни сознанија.<br>2.Да се поттикнуваат да развиваат повисок степен на научна софистицираност преку нивните тези, и воедно да дојдат до израз во напишаниот магистерски труд. | Предавањата ќе се следат низ тричасовни семинари кои ќе се одржуваат секоја втора недела. На самиот почеток на предавањето, предавачот ќе ги изложи општиот контекст на предметот и експозето за клучните проблеми, посочувајќи ги притоа и основните аспекти за кои ќе се дискутира во текот на часовите. Овој вовед што студентите ќе го имаат во облик на препорачана литература, ќе има цел да ги фокусира семинарите на деталните дискусии за одделните теми, вообичаено засновани врз презентации и есеи од страна на студентите и воведување на критички дискусии за клучните проблеми од уставно-управната област. Презентациите бараат од студентот, да формира сопствено гледиште за односната област и активно да учествува во дискусиите со предавачот и со колегите. |

| **В. Примена на спец. вештини:** | ***Предавања/Настава*** |
|---|---|
| **Апликација и решавање на правниот случај.**<br>По успешно завршување на оваа програма, студентите ќе можат:<br><br>а) Да ги препознаваат правните прашања кои произлегуваат како резултат на фактичката состојба на комплекситетот, дефиниран во меѓународното и македонското право.<br><br>б) Да ги идентификуваат случаите врз основа на поранешните правни искуства.<br><br>в) Да обезбедуваат причинско мислење и добра информираност на можните законски дејствија кои потекнуваат од ова мислење, како и можностите на успехот. | **Оценување**<br>***Способноста за решавање на правните проблеми главно се развива преку подготвување и учество на часовите на оваа програма и незадолжително учество во контестираната програма како и работа на горенаведената програма на студии на случаи .***<br><br>По семинарите водени на англиски јазик од страна на меѓународниот кадар студентите одблиску се запознаваат со наставните и со правните методи одобрени во западноевропските и американските универзитети.<br><br>**Оценување**<br>Прашањето околу конкретниот предмет во писмениот испит и во проценката (оценување) на предметот со опфаќање на тестови на часови и контестирана вредносна перформанса. |

| **Извори, истражувања и оценување** | |
|---|---|
| **По успешно завршување на програмата, студентите ќе можат:** | **Оценување** |
| а) Да ги идентификуваат правните прашања и другите сродни прашања што треба да се истражуваат.<br><br>б) Да ги употребуваат на ефикасен начин примарните и секундарните извори.<br><br>в) Да извршат независно правно истражување, употребувајќи редица извори.<br><br>д) Да ја вреднуваат на критичен начин сферата на уставно-управното право, како од аспект на доктрината, така и од општествен аспект.<br><br>е)Да развиваат повисок степен на научна софистицираност преку нивните тези, а ова воедно, овозможува различните вештини на студентот да дојдат до израз во напишаниот магистерски труд. | Оценување на предметот и на дисертаците. |

**Д. Главните вештини:**

| **Комуникација и писменост.** | **Предавања/Настава** |
|---|---|
| По успешно завршување на програмата, студентите студентите се оспособуваат:<br><br>а) Да го употребуваат, усно/писмено македонскиот, албанскиот и англискиот јазик, поврзано со прашањата околу уставно-управната област.<br><br>б) Да се ангажираат на ефикасен и на конструктивен начин во доказите и дискусиите за комплексните прашања на македонски, албански и англиски јазик.<br><br>в) Да даваат јасна и кохерентна презентација за некоја тема или задача, употребувајќи различни материјали.<br><br>г) Да читаат комплексни материјали кои се, или не се, поврзани со уставно-управната област. | Семинарни придонеси, презентации на часови, дискусии.<br>Подготвувања, пишувања и рефлексии од проценката на пишаниот предмет опфаќајќи и дисертации.<br><br>**Оценување**<br>Оценување на пишаниот предмет, презентации на проценетите часови и ако е реализирана проценета практична работа. Писмени и усни испити. |

**11.Структура на студиската програма, услови за студирање, нивоа, модули, кредити и признанија**

Последипломските студии по уставно и управно право ќе траат две (2) академски години, односно три (3) семестри составени од по пет (5) предмети и еден (1) семестар за магистерската теза. Предметите во семестрите се задолжителни, а другите се изборни. Секој ислушан предмет, кој е и успешно положен, на студентот ќе му носи шест (6) кредити, додека магистерската теза ќе му носи триесет (30) кредити. Ова, пак, значи дека за успешно завршување на последипломските студии се потребни сто и дваесет (120) кредити. Секој предмет треба да се заврши исполнувајќи ги барањата поставени во силабусот на предметот.

# СТУДИСКА ПРОГРАМА ПО УСТАВНО И УПРАВНО ПРАВО

| *Семестар 1* | *Кред ити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Методологија на правото | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Уставно право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Управно право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| *Семестар 2* | *Кред ити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Уставност и законитост | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Политички партии и интересни групи | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Управно процесно право | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Филозофија на правото | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | Л | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| *Семестар 3* | *Кред ити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трудово право и право за социјалното осигурување | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Право за локалнта самоуправа | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Парламентарно право | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Јавна безбедност | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| Изборен предмет | 6 | З | 22 | 22 | 180 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

| *Семестар 4* | *Кред ити* | *Зим./ Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пишување на тезата | 30 | Л | | | 900 | |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

**Изборни предмети:**

- Изборно право
- Споредбено уставно право
- Теорија и практика на федерализмот
- Правно пишување и образложување

## ОПИС НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ

## СЕМЕСТАР 1

### Методологија на правото

Предметот Методологија на правото ги проучува методите на спознавање на правото и нивните видови, како и методите на создавање, толкување и на применување на правото, што се неопходни за истражувачкиот процес во сите правни области и на сите степени на академското образование.

### Уставно право

Предметот Уставно право ги продлабочува сознанијата на студентите за природата на уставните норми, предметот на нивното регулирање и за вредностите што се предмет на нивната заштита. Во овој предмет пошироко се проучуваат прашањата поврзани со основните слободи и права на човекот и граѓанинот како и организацијата на државната власт во РМ, што се пак основни елементи на содржината на овој предмет.

### Управно право

Предметот Управно право ги проучува начелата на организацијата, работата и делокругот на управните органи, основните дејности што ја сочинуваат управната функција, актите на административните органи, односот помеѓу граѓаните и администрацијата, улогата на јавната администрација во општеството, организацијата на државната власт и администрацијата, односот на јавната адмнистрација со политиката, законот и управувањето, основните современи тенденции на управните организации, како и реформите во јавната администрација и нивната компатибилност со европското право.

## СЕМЕСТАР 2

### Уставност и законитост

Предметот Уставност и законитост ја проучува судската контрола на уставноста и законитоста како суштинска компонента на уставното судство. Овој предмет обезбедува продлабочени сознанија за: системите, видовите, моделите и облиците на судската контрола со соодветен споредбен осврт на нив.

### Политички партии и интересни групи

Предмет Политички партии и интересни групи ги проучува политичките партии и интересните групи како парламентарни субјекти и групи на моќ кои ја даваат

конкретната насока во креирањето на политичките активности во политичкиот систем и вршат директна контрола во работењето и во дејствувањето на системските институции.

**Управно процесно право**

Предметот Управно процесно право ја проучува општата управна постапка, начелата, поведувањето, донесувањето на решението, жалбената постапка, постапката по вонредните правни лекови и управно-судската контрола.

**Филозофија на правото**

Предметот Филозофија на правото ги проучува филозофските методи, онтологијата на правото, односот помеѓу позитивното и објективното право, аксиологијата на правото и гносеологијата на правото, посебно давајќи сознанија за правните вредности и за односот помеѓу моралот, обичајот и правото, во историјата и денес.

## СЕМЕСТАР 3

**Трудово право и право за социјалното осигурување**

Овој предмет го проучува правно уредениот труд т.е. заснoвањето на работниот однос, правата, престанокот, заштитата на правата и одговорноста на работниците. Исто така, ги проучува и прашањето на невработеноста и на системите на надзор на работата. Вториот дел, го проучува социјалното осигурување (здравственото, пензиското и инвалидското осигурување) инкорпорирајќи ја во себе социјалната нишка која во суштина е хуманистичка и се базира врз начелото на комулативната правда, како и врз реформите во трите столба и нивната компатибилност со европското право.

**Право за локалната самоуправа**

Предметот Право за локалната самоуправа ги проучува организацијата, функционирањето, начелата, структурите, методите, основните поими и теоретските модели на локалната самоуправа како и односот помеѓу централната и локалната власт во РМ и пошироко во споредбен и европски контекст, при што тежиштето се става врз Европската повелба за локалната самоуправа.

**Парламентарно право**

Парламентарното право како правно-политичка научна дисциплина се занимава со проучување на парламентарната демократија и парламентарните системи од теоретски, споредбен, политички и практичен аспект, транзицијата на државите од

Југоисточна Европа како и парламентарните системи во: Република Македонија, Обединетото Кралство, Франција, Италија, Германија, Бугарија, Романија, Унгарија, Албанија и др.

**Јавна безбедност**

Предметот Јавна безбедност се занимава со проучување на структурите, системите и облиците на јавната бебзбедност како и нивниот реформски процес, со цел интегрирање во НАТО и во ЕУ.

.

## ОПИС НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ

**Изборно право**

Изборниот предмет Изборно право ги проучува изборите и изборните системи од историски и од споредбен аспект, односот помеѓу изборниот и партискиот систем во РМ и во ЕУ како и реформите во изборниот процес во РМ со цел интегрирање во НАТО и во ЕУ.

**Споредбено уставно право**

Изборниот предмет Споредбено уставно право ги проучува споредбените аспекти на уставните системи на земјите на ЕУ и пошироко, со цел обезбедување продлабочени сознанија за начелата и за функционирањето на клучните институции на државната власт во споредбен аспект.

**Теорија и практика на федерализмот**

Изборниот предмет Теорија и практика на федерализмот им нуди на студентите сознанија за организацијата на сојузните држави, нивните органи, надлежностите, видовите на сложени држави, некои најкарактеристични федерации во светот, како и за централните теоретски и практични прашања поврзани со сојузните држави, како што се: Уставот на сојузната држава, составот-структурата на федерацијата, поделбата на надлежностите помегу федерацијата и нејзините субјекти, учеството на субјектите на федерацијата во вршењето на сојузната власт, правото на самоорганизирање на субјектите на федерацијата, прашањето на суверенитетот (државноста) во сојузната држава, перспективите на федерализмот во светот, како и прашањето за положбата на федералните единки во меѓународните односи.

**Правно пишување и образложување**

Изборниот предмет Правно пишување и образложување е практичен предмет карактеристичен за американскиот систем на правничко образование кој ги проучува основните правила и начела на правното составување на писмена во сите институции на државната власт и нивното усно образлагање, а има цел развивање на пишувачките и на ораторските вештини и способности.